Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 08-963/1
12-06-2026 год.-viti
Скопје-Shkup

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

# УПАТСТВО ЗА БЕЗБЕДЕН ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ПО ВОЗДУШЕН ПАТ

OPS/DG-GM-007

## СОДРЖИНА

**ПРИЛОГ** ..... 3

**КРАТЕНКИ** ..... 4

**ДЕФИНИЦИИ** ..... 4

**ОБЈАСНУВАЊЕ НА СИМБОЛИТЕ** ..... 7

**ЛИСТА НА ИЗДАНИЈА И РЕВИЗИИ** ..... 7

**СПИСОК НА ВАЖЕЧКИ СТРАНИЦИ** ..... 8

**ВОВЕД СО ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** ..... 9

**ТАБЕЛА НА ОДОБРУВАЊЕ** ..... 10

**СПИСОК НА ДИСТРИБУЦИЈА** ..... 10

**РЕФЕРЕНТЕН ДОКУМЕНТ** ..... 10

- **Опсег и намена** ..... 11
- **Вовед** ..... 11
- **Главен дел** ..... 11

**1. Оперативен прирачник за опасни материи** ..... 11

**2. Превоз на опасни материи** ..... 12

**3. Класификација** ..... 16

**4. Лични предмети на патници или членови на екипажот** ..... 16

**5. Обука за опасни материи** ..... 16

- **Заклучок** ..... 21

**ПРИЛОГ**

| Број | Ознака |
|---|---|
| Прилог 1 | Информации и инструкции за превоз на опасни материи, вклучувајќи ги и постапките што треба да се преземат во случај на вонредна состојба |

## КРАТЕНКИ

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| ICAO | Меѓународна организација за цивилно воздухопловство |
| IATA | Меѓународна асоцијација за воздушен транспорт |
| АЦВ МК | Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| IATA DGR | Прописи за опасни материи на IATA |
| ICAO TI | Технички инструкции на ICAO |
| NOTOC | Информации до пилотот-командант |
| ULD | Уред за единечно товарување |
| PED | Преносни електронски уреди |

## ДЕФИНИЦИИ

| Термин | Дефиниција |
|---|---|
| **Листа за проверка при прифаќање** | Документ кој се користи за да се помогне при извршување проверка на надворешниот изглед на пакувањата со опасни товари и нивните придружни документи, со цел да се утврди дека сите соодветни барања се исполнети |
| **Одобрение** | Дозвола издадена од соодветен национален орган за: а) превоз на опасни товари забранети на патнички и/или товарни воздухоплови, кога Техничките инструкции наведуваат дека таквите товари можат да се превезуваат со одобрение; или b) други цели предвидени во Техничките инструкции. |
| **Товарен воздухоплов** | Секој воздухоплов, освен патнички, кој превезува стоки или имот |
| **Пратка** | Еден или повеќе пакети со опасни товари прифатени од операторот од еден испраќач во исто време и на иста адреса, примени како една целина и превезувани до еден примач на адресата на дестинација |
| **Член на екипажот** | Лице назначено од операторот за работа на воздухоплов за време на периодот на должност на лет |
| **Опасни материи** | Предмети или супстанции кои можат да претставуваат опасност за здравјето, безбедноста, имотот или животната средина и кои се наведени во листата на опасни материи во Техничките инструкции или се класифицирани според тие инструкции |
| **Несреќа со опасни материи** | Настан поврзан со транспортот на опасни материи кој резултира со смрт или сериозна повреда на лице, значителна штета на имот или штета на животната средина |
| **Инцидент со опасни материи** | Настан, различен од несреќа со опасни материи, поврзан со транспортот на опасни материи со воздухоплов, кој не мора да се случи на самиот воздухоплов, а кој резултира со повреда на лице, штета на имот или на животната средина, пожар, скршување, истекување, протекување на течност или зрачење, или друг знак дека интегритетот на пакувањето не е зачуван. Секој настан поврзан со транспортот на опасни материи кој сериозно ја загрозува безбедноста на воздухопловот или неговите патници, исто така се смета за инцидент со опасни материи. |

| | |
|---|---|
| **Документ за транспорт на опасни материи** | Документ определен од Техничките инструкции на ИКАО за безбеден транспорт на опасни товари со воздухоплов (види дефиниција подолу). Го пополнува лицето кое нуди опасни материи за воздушен транспорт и содржи информации за тие опасни товари. Документот содржи потпишана декларација која потврдува дека опасните товари се целосно и точно опишани со нивните точни називи за транспорт и UN броеви (ако се доделени) и дека се правилно класифицирани, пакувани, означени, етикетирани и во соодветна состојба за транспорт |
| **Исклучок** | Одредба во Анекс 18 на ИКАО или во овој дел која исклучува одреден предмет на опасни материи од барањата кои нормално се применуваат на тој предмет |
| **Изземање** | Дозвола, различна од одобрение, издадена од САА МК која овозможува олеснување од одредбите на Техничките инструкции |
| **Член на летечки екипаж** | Лиценциран член на екипажот задолжен за задачи кои се суштински за управувањето на воздухопловот за време на периодот на должност на лет |
| **Товарен контејнер** | Товарен контејнер е средство за транспорт на радиоактивни материјали, дизајнирано да овозможи транспорт на таквите материјали, било пакувани или непакувани, со еден или повеќе видови транспорт |
| **Агент за ракување** | Агенција која ја извршува, во име на операторот, делумно или целосно, некои од функциите на операторот, вклучувајќи примање, товарење, истовар, префрлување или друга обработка на патници или товар |
| **Несовпаѓачки** | Опишува опасни товари кои, ако се мешаат, би можеле да предизвикаат опасно ослободување на топлина или гас или да создадат корозивна супстанца |
| **Оператор** | Лице, организација или претпријатие кое е вклучено или нуди да се вклучи во работа со воздухоплов |
| **Надпакување** | Обвивка користена од еден испраќач за да содржи еден или повеќе пакети и да формира една единица за ракување за полесно справување и сместување |
| **Пакет** | Целосен производ на операцијата на пакување, составен од пакувањето и неговата содржина, подготвен за транспорт |
| **Пакување** | Садови и сите други компоненти или материјали неопходни за садот да ја извршува својата функција на содржување и да се обезбеди усогласеност со барањата за пакување. |
| **Патнички воздухоплов** | Воздухоплов кој превезува било кое лице, освен член на екипажот, вработен на операторот во официјална улога, овластен претставник на органот или лице кое го придружува товарот или друга пратка. |
| **Пилот-командант** | Пилот назначен од операторот, или во случај на општа авијација – од сопственикот, како командант и задолжен за безбедното извршување на летот. |
| **Точен назив за транспорт** | Назив кој се користи за да се опише одреден предмет или супстанца во сите транспортни документи и известувања и, каде што е соодветно, на пакувањето. |
| **Систем за управување со безбедноста (SMS)** | Систематски пристап за управување со безбедноста, вклучувајќи ги потребните организациски структури, одговорности, политики и процедури. |
| **Држава на дестинација** | Државата на чија територија пратката на крајот ќе биде истоварена од воздухопловот. |
| **Држава на потекло** | Државата на чија територија пратката првпат ќе биде натоварена на воздухопловот. |
| **Држава на операторот** | Државата во која се наоѓа главното место на деловна активност на операторот или, ако такво место не постои, постојаното живеалиште на операторот |
| **Технички инструкции** | Техничките инструкции за безбеден транспорт на опасни материи со воздухоплов (Док. 9284), одобрени и периодично издавани според постапката утврдена од Советот на ИКАО. |

| | |
|---|---|
| **UN број** | Четирицифрен број доделен од Комитетот на експерти на Обединетите нации за транспорт на опасни материи и за Глобално усогласен систем за класификација и етикетирање на хемикалии, со цел идентификација на предмет или супстанца или на одредена група предмети или супстанци. |
| **Единица за товарење** | Секој вид на воздухопловен контејнер, воздухопловна палета со мрежа или воздухопловна палета со мрежа преку иглу (igloo). |

## ОБЈАСНУВАЊЕ НА СИМБОЛИТЕ

Подолу е наведено објаснување на симболите на дијаграмот на текот на процесот кои се користени во ова Упатство.


Почеток/крај на процедурата


Активност


Контролна ставка, контролна активност


Документ, информација


Точка на спојување

## ЛИСТА НА ИЗДАНИЈА И РЕВИЗИИ

| Рев.бр. | Датум | Внесена од | Опис на ревизијата |
|---|---|---|---|
| 00 | 12.06.2026 | Елвир Зендели | Прво издание |
| | | | |
| | | | |

## СПИСОК НА ВАЖЕЧКИ СТРАНИЦИ

| Страна | Издание | Рев. | Датум |
|---|---|---|---|
| 2 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 3 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 4 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 5 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 6 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 7 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 8 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 9 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 10 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 11 | 01 | 00 | 12.06.2026 |

| Страна | Издание | Рев. | Датум |
|---|---|---|---|
| 12 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 13 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 14 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 15 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 16 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 17 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 18 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 19 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 20 | 01 | 00 | 12.06.2026 |
| 21 | 01 | 00 | 12.06.2026 |

## ВОВЕД СО ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Упатството е издадено од страна на:

Агенција за цивилно воздухопловство
Даме Груев 1, 1000 Скопје, Северна Македонија

Се забранува копирање или умножување на овој материјал без претходна писмена согласност на издавачот.
Ова издание на ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето. Секоја понатамошна ревизија на ова упатство влегува во сила со денот наведен во Табелата на одобрување.

За издавачот:
Драги Стојаноски, директор на АЦВ

## ТАБЕЛА НА ОДОБРУВАЊЕ

| | Име и позиција | Датум | Потпис |
|---|---|---|---|
| Подготвил: | Елвир Зендели,<br>Советник за DGR | 12.06.2026 | |
| Контролирал: | Сашо Мојсоски,<br>Раководител на одделение за летачка оператива | 12.06.2026 | |
| Извршил проверка на квалитетот: | Кире Колевски,<br>Раководител на одделение SQS и мониторинг на усогласеноост | 12.06.2026 | |
| Одобрил: | Драги Стојаноски, Директор | 12.06.2026 | |

## СПИСОК НА ДИСТРИБУЦИЈА

| Примерок бр. | КОРИСНИК | ВИД НА ФОРМА | БРОЈ НА ПРИМЕРОЦИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Архива | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 2. | Раководител на SQS и мониторинг на усогласеност | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 3. | Раководител на одделение за летачка оператива | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 4. | ACV Share | Дигитален примерок | 1 |
| 5. | Дигитален примерок | По електронска пошта до сите вработени | 1 |

## РЕФЕРЕНТЕН ДОКУМЕНТ

| | Код на документот | Назив на документот |
|---|---|---|
| 1. | SQS-MAN-001 | Integrated Quality System Manuel |
| 2. | Службен весник на РСМ (во сила) | Закон за воздухопловство |
| 3. | Службен весник на РСМ (во сила) | Правилник за летачки операци |
| 4. | Службен весник на РСМ (во сила од 01.06.2026) | Правилник за организирање на воздушен превоз на опасни материи |
| 5. | ICAO Анекс 18 | Безбеден превоз на опасни матери по воздушен пат |
| 6. | ICAO TI Doc.9284, AN 905 | Технички инструкции за безбеден превоз на опасни материи по воздушен пат |
| 7. | ICAO Анекс 6 | Операции на воздухоплов |
| 8. | ЕУ рег. 965/2012 | Воздухопловни операции |

- **Опсег и намена**

Ова упатство е издадено од Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (АЦВ МК) и содржи информации за безбеден превоз на опасни материи по воздушен пат, со цел операторите да бидат усогласени со националната Регулативата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (РСМ), односно Правилник за летачки операци 195/24, Правилник за организирање воздушен превоз на опасни материи 229/25, и мечународните прописи Анекс 18- Безбеден превоз на опасни матери по воздушен пат на ICAO и Техничките инструкции (TI) за Безбеден превоз на опасни матери по воздушен пат. Оваа упатство ги пропишува барањата на РСМ кои се применуваат на приемот, складирањето, товарењето, истоварувањето и превозот на опасни материи по воздушен пат во меѓународни и домашни операции на воздухоплови, како што е наведено во:

- Прирачникот на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) – Технички инструкции за безбеден превоз на опасни материи по воздушен пат, и сите применливи измени; и
- Правилата за опасни материи на Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт (IATA).

Оваа упатство се применува на сите оператори на воздухоплови во комерцијален воздушен превоз, без разлика дали превезуваат опасни материи (DG Carry) или не превезуваат опасни материи (Non-DG Carry). Сите инструкции или ограничувања содржани во Техничките инструкции за превоз на опасни материи со патнички или товарни-карго воздухоплови, за целите на оваа упатство ќе се толкуваат како применливи и за превозот на опасни материи во долните товарни-карго простории на патнички или товарни-карго воздухоплови.

- **Вовед**

Ова упатство ги утврдува политиките, процедурите и одговорностите за безбеден и сигурен транспорт на опасни материи (DG) по воздушен пат, со цел обезбедување највисоко ниво на безбедност на воздухопловот, екипажот, патниците, товарот и животната средина.
Упатството е изготвено во согласност со одредбите од Анекс 18 на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (ICAO Annex 18 – *The Safe Transport of Dangerous Goods by Air*), ICAO Doc 9284 – *TI for the Safe Transport of Dangerous Goods by Air*, како и применливите одредби од IATA Dangerous Goods Regulations (IATA DGR).
Одредбите на ова упатство се применуваат на сите учесници во ланецот на воздушен транспорт на опасни материи, вклучувајќи испраќачи (shippers), оператори на воздухоплови (air operators), превозници (carriers), ракувачи со товар (ground handling agents), складиштен персонал, како и персонал одговорен за прифаќање, подготовка, товарење и транспорт на опасни материи.
Целта на упатството е спречување на инциденти и несреќи поврзани со опасни материи преку правилна класификација, идентификација, пакување, обележување, означување, документација, прифаќање, ракување, складирање и транспорт, како и преку обезбедување соодветна обука и компетентност на вклучениот персонал, во согласност со барањата на ICAO и IATA DGR.

- **Главен дел**

## 1. Оперативен прирачник за опасни материи

1.1 Оперативниот прирачник треба да наведе дали се поседува или не специфично одобрение за превоз на опасни материи и кои услови се применуваат на тоа одобрение. Операторите кои превезуваат опасни материи треба исто така во својот оперативен прирачник да вклучат информации во врска со начините на идентификација на опасни материи, начинот на нивно товарење и одговорностите на членовите на екипажот во однос на таквите материи. Условите за превоз на опасни материи се опфатени во точка 3.

1.2 Операторите кои не бараат специфично одобрение за превоз на опасни материи мора да ја наведат забраната за превоз на опасни материи во оперативниот прирачник и да обезбедат насоки за персоналот и агентите во однос на тоа кои стоки не смеат да се превезуваат.

## 2. Превоз на опасни материи

2.1 Операторот мора да определи одговорно лице на ниво на организацијата, кое ќе биде одговорно за политиката за опасни материи што можат да се превезуваат со патнички и/или товарни-карго авиони (на пр. процеси за обезбедување информации итн.) и исто така да обезбеди персонал кој ќе биде обучен во согласност со нивните одговорности.
2.2 Правилникот на Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (АЦВ МК) за организирање превоз на опасни материи по воздушен пат бр.229/25, ги утврдува барањата со кои мора да се усогласи операторот кој превезува опасни материи. Превозот на опасни материи мора да биде во согласност со најновото издание на ICAO Doc 9284 – Технички инструкции за безбеден превоз на опасни материи по воздушен пат, во понатамошниот текст наречени Технички инструкции (TI).
2.3 Операторот мора да добие специфично одобрение за опасни материи издадено од Надлежниот орган (АЦВ МК) за да може да превезува опасни материи. Операторот кој аплицира за такво одобрение е должен да достави целосни детали за своите процедури, вклучувајќи прифаќање, ракување, складирање, товарење на опасни материи и сл., пред планираниот датум на лет. Во случаи на исклучителна итност, или кога други форми на транспорт се несоодветни, или кога целосното усогласување со пропишаните барања е спротивно на јавниот интерес, надлежниот орган (АЦВ МК) може да одобри изземање од одредбите на ICAO Doc 9284 TI, под услов во такви случаи да се направат сите напори за постигнување ниво на безбедност еквивалентно на она што е пропишано во Технички инструкции.
2.4 Операторот мора да наведе во својот Оперативен прирачник дали поседува или не специфично одобрение за опасни материи издадено од надлежниот орган (АЦВ МК). Содржината на оперативниот прирачник на операторот, без разлика дали е одобрен или неодобрен превозник на опасни материи, мора да биде во согласност со Прилог I и Упатство за подготовка на делот за опасни материи во Оперативниот прирачник (OPS/DG-GM-002).
2.5 Операторот кој поседува специфично одобрение за опасни материи мора да вклучи во својот Оперативен прирачник процедури за користење на контролна листа за прифаќање. Користењето на таква контролна листа има за цел да спречи ненамерно прифаќање на опасни материи за воздушен превоз, освен ако тие не се придружени со целосно пополнет транспортен документ за опасни материи, како и да се провери, колку што е практично возможно, дека пакетот или товарниот контејнер ги исполнува барањата на Техничките инструкции (TI).
2.6 Операторот кој поседува специфично одобрение за опасни материи мора исто така да развие процедури што ќе им овозможат на неговиот персонал или на земскиот агент за ракување да ги извршуваат своите должности. Ова вклучува соодветно товарење, раздвојување на некомпатибилни опасни материи, како и инспекција за оштетувања и спроведување постапки во случај на истекување. Други процедури што операторот мора да ги развие вклучуваат обезбедување Известување до Капетанот (NOTOC), како што е пропишано во Техничките инструкции(TI).
Читлива копија од информациите доставени до пилотот-командант мора да се задржи на земја. Оваа копија мора да содржи индикација на самата копија, или заедно со неа, дека пилотот-командант ги примил информациите. Копија од документот, или информациите содржани во него, мора да бидат лесно достапни за офицерот за летачки операции, диспечерот на летови или назначениот персонал на земја одговорен за летачките операции, сè до пристигнувањето на летот. Овие процедури и инструкции се применуваат од моментот кога опасните материи се прифаќаат за превоз па сè додека престанат да бидат под грижа на операторот или неговиот земски агент за ракување.
2.7 Постојат општи исклучоци за одредени видови опасни материи за кои не е потребно специфично одобрение за превоз. Тие вклучуваат вградена опрема на воздухопловот, одредени

предмети што ги носат патниците или екипажот, како и предмети потребни за употреба за време на летот со цел обезбедување ветеринарна помош на животно или медицинска помош на лице. Сите оператори, без разлика дали поседуваат специфично одобрение за опасни материи или не, се должни да обезбедат инструкции за својот екипаж за тоа кои предмети претставуваат опасни материи и кои предмети можат да се носат на воздухопловот во сите околности.
2.8 Сите оператори се должни да обезбедат почетна и периодична (повторна) обука за летачкиот и кабинскиот екипаж за превоз на опасни материи по воздушен пат, како што е наведено во Техничките инструкции (TI). Оваа обука се применува дури и ако операторот не поседува специфично одобрение за опасни материи, бидејќи може да настанат инциденти од опасни материи кои ненамерно се внесени во воздухопловот. Дополнително, сите оператори мора да обезбедат и целиот друг релевантен персонал, вклучувајќи го и персоналот на нивниот агент за ракување вклучен во превозот на патници или товар по воздушен пат, да има примено почетна и периодична обука за опасни материи во согласност со Техничките инструкции.
2.9 Сите оператори мора да го известат надлежниот орган (АЦВ МК), во роковите наведени во Правилник за организирање воздушен превоз на опасни материи 229/25 за сите несреќи или инциденти кои произлегуваат од превозот на опасни материи.
2.10 Сите оператори одобрени за јавен превоз на патници, вклучувајќи ги и оние кои не поседуваат одобрение за опасни материи, мора да обезбедат известувања за опасни материи за патниците, со кои се укажува на видовите опасни материи што е забрането да се внесуваат во воздухопловот. Овие известувања мора да бидат јасно и видно поставени на места достапни за патниците (како што се шалтерите за пријавување, шалтерите за продажба на билети и зоните за влез во воздухопловот).
Сите оператори мора да обезбедат информациите за превоз на опасни материи да им бидат ставени на знаење на патниците за време на пријавувањето (check-in). Бидејќи патниците можат, било поради незнаење или намерно, да се обидат да внесат забранети предмети во воздухопловот, било во чекиран или рачен багаж, операторот треба соодветно да ги обучи своите агенти и персоналот за пријавување и да воспостави процедури за справување со ова прашање.

**Забелешка:** Листата на предмети што патниците можат да ги носат е наведена во Дел 8, Поглавје 1 од Техничките инструкции (TI).

**2.11 Забранети опасни материи**

2.11.1 Сите оператори не смеат да понудат, превезуваат или прифатат во воздухоплов:

a) Опасни материи кои се изречно идентификувани по име или по општ опис во Техничките инструкции на ICAO како забранети за воздушен превоз под какви било околности;
b) Опасни материи кои се идентификувани во Техничките инструкции на ICAO како забранети за воздушен превоз под нормални околности;
c) Кои било други опасни материи, освен ако превозот не е во согласност со одредбите на регулативите на надлежниот орган АЦВ МК и со барањата и стандардите пропишани во Техничките инструкции на ICAO.

2.11.2 Изземања:

a) Надлежниот орган АЦВ МК може, по писмено барање од кое било лице или оператор, да одобри изземање од примената на 2.11.1 во случај на:
   i) екстремна итност; или
   ii) кога другите форми на транспорт се несоодветни; или
   iii) кога целосната усогласеност со пропишаните барања е спротивна на јавниот интерес.

b) Надлежниот орган АЦВ МК може да одобри изземање доколку подносителот на барањето ги презел сите можни мерки за да се постигне вкупно ниво на безбедност при транспорт кое е еквивалентно на нивото на безбедност предвидено во Техничките инструкции на ICAO.

За државата на прелет, доколку ниту еден од критериумите за одобрување изземање не е релевантен, изземањето може да биде одобрено исклучиво врз основа на проценката дека е постигнато еквивалентно ниво на безбедност во воздушниот транспорт.

**Забелешка 1:** За целите на одобрувањата, „вклучени држави "се државата на потекло и државата на операторот, освен ако поинаку не е наведено во овие Инструкции.
**Забелешка 2:** За целите на изземањата, „вклучени држави "се државата на потекло, државата на операторот, државата на транзит, државата на прелет и државата на дестинација.
**Забелешка 3:** Насоки за постапката за обработка на изземања, вклучувајќи примери за екстремна итност, може да се најдат во Додатокот на Техничките инструкции (Дел S-1; 1.2 и 1.3), и во упатство OPS/DG-GM-004 на АЦВ МК
**Забелешка 4:** Видете 1;2.1 во Техничките инструкции на ICAO за опасни материи забранети за воздушен транспорт под какви било околности.
**Забелешка 5:** Поради разликите во видот на операциите што ги извршуваат хеликоптерите во споредба со авионите, потребно е да се земат предвид дополнителни аспекти при превоз на опасни материи со хеликоптер. Истите може да се најдат во Техничките инструкции за безбеден транспорт на опасни материи по воздух (Doc 9284), точка 7;7.

**2.12 Пакување**

**Барања за пакување**

Операторот мора да обезбеди опасните материи да бидат пакувани во согласност со следните барања:

a) Опасните материи мора да бидат пакувани во согласност со одредбите наведени во Техничките инструкции;

b) Пакувањето мора да биде со добар квалитет и да биде изработено и безбедно затворено така што ќе спречи истекување кое може да настане при нормални услови на транспорт, поради промени на температурата, влажноста или притисокот, или поради вибрации;

c) Пакувањето мора да биде соодветно за содржината. Пакувањето што е во директен контакт со опасните материи мора да биде отпорно на какво било хемиско или друго дејство на тие материи, во согласност со Техничките инструкции;

d) Пакувањето мора да ги исполнува спецификациите за материјал и конструкција наведени во Техничките инструкции;

e) Пакувањето мора да биде тестирано во согласност со одредбите на Техничките инструкции;

f) Пакувањето чија основна функција е задржување на течности мора да може, без истекување, да го издржи притисокот наведен во Техничките инструкции;

g) Внатрешното пакување мора да биде спакувано, прицврстено или амортизирано така што ќе се спречи негово кршење или истекување и ќе се контролира неговото движење во надворешното пакување/пакувања при нормални услови на воздушен транспорт. Амортизирачките и апсорбирачките материјали не смеат опасно да реагираат со содржината на пакувањето;

h) Ниедно пакување не смее повторно да се користи сè додека не биде прегледано и утврдено дека е без корозија или други оштетувања. Кога пакувањето повторно се користи, мора да се преземат сите неопходни мерки за да се спречи контаминација на следната содржина;

i) Доколку, поради природата на нивната претходна содржина, неисчистените празни пакувања можат да претставуваат опасност, тие мора да бидат цврсто затворени и третирани согласно опасноста што ја претставуваат;

j) На надворешната површина на пакувањата не смее да има штетна количина на опасна супстанција.

## 2.13 Ограничувања при товарење на воздухоплови

а) Освен како што е предвидено во став (b), операторот не смее да превезува опасни материи во кабината на воздухопловот во која се наоѓаат патници, ниту на летачката палуба на воздухопловот.
b) Операторот,може:

(i) да дозволи патник или член на екипажот да носи опасни материи во регистриран или рачен багаж, или на себе, доколку тоа е дозволено согласно Техничките инструкции;
(ii) да дозволи превоз на радиоактивен материјал во кабината на воздухопловот во која има патници или на летачката палуба, доколку тоа е дозволено како *исклучен пакет (excepted package)* согласно Техничките инструкции; и
(iii) да превезува опасни материи во товарен простор на главната палуба на воздухоплов кој превезува патници, доколку тој простор ги исполнува сите сертификациски барања за товарен или багажен оддел од класа B;
(iv) секој оператор кој прифаќа опасни материи за превоз по воздушен пат мора да ги товари пакетите со опасни материи што носат етикета „Cargo Aircraft Only "(Само за товарен воздухоплов) исклучиво на товарни воздухоплови.

c) Несовпаѓање на опасни материи
Оператор кој прифаќа опасни материи за превоз по воздушен пат не смее да сместува пакети кои содржат опасни материи кои би можеле да реагираат опасно една со друга, ниту еден покрај друг или на позиција која би дозволила нивна интеракција во случај на истекување.
d) Сепарација, сегрегација и безбедност
Секој оператор кој прифаќа опасни материи за превоз по воздушен пат мора да:

(i) Смести пакети со отрови и заразни материи согласно Техничките инструкции; и
(ii) Смести радиоактивни материи одделно од лица, живи животни и неразвиен филм согласно Техничките инструкции; и
(iii) Заштити опасните материи натоварени на воздухопловот од оштетување; и
(iv) Осигура дека овие материјали се обезбедени во воздухопловот на начин кој ќе спречи било какво движење за време на летот што би ја променило ориентацијата на пакетите.

е) Преглед при товарување
Оператор не смее да товари:

(i) Пакет или надпакување (overpack) кој содржи опасни материи на воздухоплов или во уред за единечно товарување (ULD) доколку не е:
  1)Прегледан непосредно пред товарувањето; и
  2)Пронајден без никакви знаци на истекување или оштетување; и
(ii) Уред за единечно товарување (ULD) на воздухоплов додека уредот не е:
  1)Прегледан непосредно пред товарувањето; и
  2)Пронајден без никакви знаци на истекување или оштетување од опасни материи кои се содржани во него.

## 2.14 Етикети

Доколку не е поинаку предвидено во Техничките инструкции, секој пакет, надпакување (overpack) и товарен контејнер со опасни материи треба да биде етикетиран со соодветните етикети и во согласност со одредбите наведени во тие инструкции.

## 2.15 Ознаки (Markings)

Доколку не е поинаку предвидено во Техничките инструкции, секој пакет со опасни материи треба да биде:

(a) Означен со точен правилен превозен назив (proper shipping name) на неговата содржина;
(b) Кога е доделен, UN бројот, целосното име и адреса на испраќач (Shipper) и примачот (Consignee), како и други ознаки кои може да бидат предвидени во Технички инструкции.

Ознака за спецификација на пакување
(c) Доколку не е поинаку предвидено во Техничките инструкции, секое пакување произведено според спецификација содржана во тие инструкции, мора да биде означено во согласност со соодветните одредби на тие инструкции.
(d) Ниту едно пакување не смее да носи ознака за спецификација на пакување, освен ако не ги исполнува соодветните критериуми за спецификација на пакување содржани во Техничките инструкции.

**2.16 Документ за транспорт на опасни материи**

(a) Доколку не е поинаку предвидено во Техничките инструкции, никоја личност не смее да понуди опасни материи за транспорт по воздушен пат, освен ако не е пополнет, потпишан и доставен на операторот документ за транспорт на опасни материи, кој треба да содржи информации пропишани во тие инструкции.
(b) Документот за транспорт мора да содржи декларација потпишана од лицето кое ги нуди опасните материи за транспорт, со која се потврдува дека:

1)Опасните материи се целосно и точно опишани со нивните правилни називи за транспорт (Proper Shipping Names);
2)Тие се класифицирани, спакувани, маркирани и етикетирани во согласност со регулативите;
3)Се во соодветна состојба за транспорт по воздух во согласност со релевантните прописи;
4)Документот за транспорт на опасни материи треба да се пополни во два примерока (дупликат).

**3. Класификација**

Класификацијата на предмет или супстанца како опасни материи мора да биде во согласност со одредбите на Техничките инструкции (TI).

**4. Лични предмети на патници или членови на екипажот**

4.1 Патниците или членовите на екипажот не смеат да носат опасни материи, ниту како дел ниту во рачен багаж, регистриран багаж или на своја личност, освен ако опасните материи:

(a) се дозволени согласно ICAO TI, Дел 8; и
(b) се само за лична употреба.

4.2 Листата на опасни материи кои секој патник или член на екипажот може да ги носи мора да биде во согласност со ICAO TI, Дел 8 (Табела 8-1), и може да биде ограничена од страна на операторот.

**5. Обука за опасни материи**

5.1 Операторот мора да воспостави и одржува програми за обука на персоналот, како што е барано во ICAO TI , Дел 1, Глава 4. Овие програми за обука треба да бидат одобрени од страна на надлежниот орган.
5.2 Операторот мора да осигура дека целиот персонал е компетентен да извршува било која функција за која е одговорен пред да ја извршува таа функција. Ова се постигнува преку обука и евалуација, соодветна на функциите за кои се одговорни. Таквата обука мора да вклучува:

(a) Општа обука за свесност и запознавање (General awareness/familiarization training) – Персоналот мора да биде обучен да биде запознаен со општите одредби;
(b) Функција-специфична обука (Function-specific training) – Персоналот мора да биде обучен да ја извршува со компетентност било која функција за која е одговорен;

(c) Обука за безбедност (Safety training) – Персоналот мора да биде обучен како да ги препознава ризиците што ги претставуваат опасните материи, како да ги ракува безбедно опасните материи, и за постапки при итни ситуации и реагирање при несреќи.

5.3 Операторот мора да обезбеди дека сите вработени добиле обука, но ако им се доделени нови функции, треба да се оцени нивната компетентност за новата функција. Ако не се покаже компетентност, мора да им се обезбеди соодветна дополнителна обука.

5.4 Операторот мора да обезбеди дека сите вработени се обучени да ги препознаваат ризиците што ги претставуваат опасните материи, да ги ракуваат безбедно, и да применуваат соодветни постапки при итни ситуации.

5.5 Операторот мора да обезбеди дека сите вработени добиваат повторна (периодична) обука и евалуација во рок од 24 месеци од претходната обука и евалуација, за да се осигура дека нивната компетентност е одржана. Сепак, ако повторната обука и евалуација се завршуваат во последните три месеци од важноста на претходната обука, периодот на важност се продолжува од месецот кога е завршена повторната обука до 24 месеци од месецот на истек на претходната обука.

5.6 Операторот мора да обезбеди дека се одржуваат записи за обуката и евалуацијата за опасни материи за сите обучени вработени, и тие записи треба да ги вклучуваат следниве информации:

(a) Името и презимето на лицето;
(b) Месецот на завршување на најновата обука и евалуација;
(c) Опис, копија или референца на материјалите за обука и евалуација користени за исполнување на барањата за обука и евалуација;
(d) Името и адресата на организацијата што ја обезбедила обуката и евалуацијата; и
(e) Доказ кој покажува дека вработениот е оценет како компетентен.

5.7 Записите за обука и евалуација мора да се чуваат од страна на работодавецот минимум 36 месеци од месецот на завршување на последната обука и евалуација, и мора да бидат достапни по барање на надлежниот орган АЦВ МК.

5.8 Квалификации и компетенции на инструкторите

a) Инструкторите кои одржуваат почетна и повторна обука за опасни материи мора да покажат или да бидат оценети како компетентни во инструкцијата и функциите за кои ќе обучуваат, пред да ја одржат самата обука.
b) Инструкторите кои одржуваат почетна и повторна обука за опасни материи мора да ги одржуваат овие курсеви најмалку на секои 24 месеци, или, ако тоа не е можно, да присуствуваат на повторна обука.
c) Инструкторите мора да примат и разберат најнови информации за опасни материи и да бидат целосно запознаени со овие промени преку обука или други средства, годишно или секогаш кога ќе се променат применливите прописи.

## 6. Транспорт на резервни делови за авион, материјали на компанијата (COMAT) и потрошни материјали кои ги исполнуваат критериумите за „опасни материи“

### Опасни материи за инженерски/складишен персонал

Персоналот одговорен за испраќање заменски делови за опремата на операторот треба да биде запознаен со применливите барања, а по потреба да помине и соодветна обука.

Без разлика дали операторите поседуваат одобрение за превоз на опасни материи или не, тие треба да воспостават соодветни процедури за да се осигура дека резервните делови и материјалите за воздухопловот се транспортираат во согласност со Техничките инструкции (TI), без разлика дали транспортот се врши преку сопствените инженерски магацини на компанијата или преку други изведувачи.

Операторите мора да обезбедат нивниот инженерски/складишен персонал да биде запознаен со барањата во однос на заменските или неисправните предмети и да води евиденција како платформа за прием и испорака, како што следува:

a) Авионските резервни делови и потрошни материјали кои се опасни материи се идентификувани како такви.

b) Авионските резервни делови и потрошните материјали кои претставуваат опасни материи, по нивното отстранување од воздухопловот, се идентификувани како такви.

Сите такви артикли или супстанции што претставуваат опасни материи смеат да се испраќаат исклучиво во согласност со ICAO Техничките инструкции.

Оператор кој испраќа авионски резервни делови што ги исполнуваат критериумите за опасни материи мора да ги почитува обврските на испраќачот утврдени во ICAO Техничките инструкции (TI).

Персоналот во одржувањето/инженерските магацини на операторот мора да имат добиено обука за опасни материи, соодветна на нивните одговорности.

Оператор кој нема трајно одобрение за непревоз на опасни материи не смее да испраќа или транспортира авионски резервни делови што содржат опасни материи на бордот на воздухопловот.

**Прилог 1- Информации и инструкции за превоз на опасни материи, вклучувајќи ги и постапките што треба да се преземат во случај на вонредна состојба.**

Овие информации треба да ги опфаќаат означувањето и обележувањето на опасните материи, начинот на кој тие мора да се товарат, одговорностите на членовите на екипажот во врска со превозот на опасни материи, како и постапките што треба да се преземат во случај на вонредни ситуации поврзани со опасни материи.

**А. За одобрен оператор, треба да се опишат следните содржини:**

(a) Политиката на операторот за транспорт на опасни материи (на пр. само-наметнатата забрана за одредени опасни материи), вклучувајќи ја политиката и постапките за транспорт на COMAT(материјали на компанијата, резервни делови);

- (i) Одобрени / неодобрени опасни материи;
- (ii) Ограничувања за транспорт на опасни материи (на пр. забрана за транспорт на радиоактивен материјал); и
- (iii) Лице во рамки на компанијата одговорно за опасни материи и/или контакт на координаторот за опасни материи.

(b) Политика на операторот за општи исклучоци за опасни материи превезувани со воздухоплов;

- (i) Предмети за воздухопловна исправност и оперативни предмети, вклучувајќи резервни делови;
- (ii) Услови за превоз на преносни електронски уреди (PED) и резервни батерии;
- (iii) Ветеринарна помош;
- (iv) Медицинска помош за пациент;
- (v) Вишок багаж испратен како карго; и
- (vi) Предмети дозволени во багаж, вклучувајќи:
  - Постапка на операторот за одобрување на одредени предмети во багаж;
  - Постапки на операторот за превоз на помагала за мобилност напојувани со батерии.

(c) Обезбедување информации за патниците;
(d) Обележување и етикетирање на пакувањата;
(e)Детална распределба на одговорностите (должности на целиот персонал вклучен во транспортот на опасни материи);
(f) Постапка за прифаќање на опасни материи од страна на операторот и контролна листа за прифаќање;
(g) Постапки на операторот за товарење, вклучувајќи:

- (i) Инспекции за оштетување или истекување;
- (ii) Забрана за патници да носат опасни материи означени како „само за карго авион" (Cargo Aircraft Only);
- (iii) Забрана за превоз на опасни материи на летната палуба или во кабина окупирана од патници;
- (iv) Детали за локацијата и системот за нумерирање на товарните оддели;
- (v) Сегрегација и одвојување;
- (vi) Обезбедување и ориентација;
- (vii) Заштита од оштетување;
- (viii) Товарење на сув мраз (dry ice);
- (ix) Товарење на магнетизиран материјал; и
- (x) Товарење на радиоактивен материјал.

(h) Надворешен превоз на опасни материи (доколку е применливо).
(i) Информации до пилотот-командант (Pilot-in-Command):

- (i) Пример за NOTOC (Известување до командирот на воздухопловот);
- (ii) Персоналот (работна позиција или функција) со одговорности за

оперативна контрола на воздухопловот да ги добие информациите содржани во NOTOC;
(iii) Достапност на информациите на земја за времетраењето на летот.

(j) Чување (задржување) на документација;

(k) Обезбедување информации за помош при откривање на недекларирани опасни материи и забранети предмети во багаж, вклучувајќи:
(i) Општи описи; и
(ii) GHS етикети.

(l) Обезбедување информации за употреба при реагирање на инциденти со опасни материи за време на лет;

(m) Обезбедување информации од страна на пилотот-командир во случај на итна состојба за време на лет;

(n) Информации што треба да им се достават на службите за итни случаи во случај на:
(i) Несреќа со воздухоплов или сериозен инцидент; и
(ii) Инцидент со воздухоплов.

(o) Известување (Reporting):
(i) Инциденти со опасни материи;
(ii) Несреќи со опасни материи;
(iii) Настани поврзани со опасни материи; и
(iv) Недекларирани или погрешно декларирани опасни материи.

(p) Отстранување на контаминација;

(q) Барања за обука за опасни материи:
(i) Политика за одобрување;
(ii) Општи барања за обука и повторна (recurrent) обука;
(iii) Наставна програма (силабус);
(iv) Квалификации и компетентности на инструкторите;
(v) Идентификација на материјалите за обука и оценување.

**B. За оператор без одобрение, следната содржина треба да биде опфатена и опишана:**

(a) Политика на операторот за транспорт на опасни материи (на пр. само-наметната забрана за одредени опасни материи), вклучувајќи ја политиката и постапките за транспорт на COMAT (материјали на компанијата, резервни делови):
(i) Одобрени / неодобрени опасни материи;
(ii) Ограничувања за транспорт на опасни материи (на пр. забрана за транспорт на радиоактивен материјал); и
(iii) Лице во рамките на компанијата одговорно за опасни материи и/или контакт на координатор за опасни материи.

(b) Политика на операторот за општи исклучоци за опасни материи кои се превезуваат со воздухоплов:
**(i)** Ставки поврзани со пловидбеност и оперативни ставки, вклучувајќи резервни делови;
**(ii)** Услови за превоз на преносливи електронски уреди (PED) и резервни батерии;
**(iii)** Ветеринарна помош;
**(iv)** Медицинска помош за пациент;
**(v)** Вишок багаж испратен како товар; и
**(vi)** Предмети дозволени во багаж, вклучувајќи:
- Постапка на операторот за одобрување на одредени предмети во багаж; и
- Постапки на операторот за превоз на помагала за мобилност напојувани со батерии.

(c) Обезбедување информации за патниците;

(d) Означување и етикетирање на пратките;
(e) Детално распределување на одговорностите (должности на целиот персонал вклучен во транспортот на опасни материи);
(f) Постапки на операторот за товарење, вклучително и количината на сув мраз во товарниот оддел;
(g) Обезбедување информации за помош при откривање на недекларирани опасни материи и забранети предмети во багаж, вклучувајќи:
  (i) Општи описи; и
  (ii) GHS ознаки (етикети).
(h) Известување:
  **(i)** Инциденти со опасни материи;
  **(ii)** Несреќи со опасни материи;
  **(iii)** Настани/случаи со опасни материи; и
  **(iv)** Недекларирани или погрешно декларирани опасни материи.
(i) Отстранување на контаминација;
(j) Барања за обука за опасни материи:
  **(i)** Политика за одобрување на обука;
  **(ii)** Општи барања за иницијална и повторна обука;
  **(iii)** Содржина на програмата (силабус);
  **(iv)** Квалификации и компетенции на инструктори; и
  **(v)** Идентификација на материјали за обука и тестирање.

**Забелешка:** Информациите во оперативниот прирачник за опасни материи, дадени на персоналот и агентите, мора да содржат минимални информации во согласност со Упатството OPS/DG-GM-002 на АЦВ МК.

- **Заклучок**

Овој прирачник ги поставува јасните правила и процедури за безбеден транспорт на опасни материи со авион, во согласност со ICAO TI, IATA DGR и регулативите на цивилна авијација на РСМ. Секој аспект од транспортот – од класификација, пакување, етикетирање и натоварување, до складирање, контролирана достапност и итни процедури – е детално опишан за да се минимизира ризикот од несреќи, истекување или контаминација.
Персоналот кој ракува со опасни материи мора да биде соодветно обучен и компетентен, а компанијата е одговорна за документирање на обуката, контролата на пристап, известувањата за инциденти и обезбедување информации до пилотот, итните служби и надлежните органи. Примената на овие процедури овозможува сигурен, контролиран и усогласен транспорт на опасни материи, со заштита на патниците, екипажот и општата безбедност на воздухопловот.